# Ново Срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 117, Дата: 06. 02. 2012.**

## Чии обичаи да следиме: Христовите или човечките?



Има еден познат пример, за еден млад брачен пар, каде што невестата постојано ги одсекувала краевите од лебот и ги одстранувала. Кога момчето ја запрашал за причината, таа му одговорила дека не знае, но дека таков бил обичајот во нејзиниот дом. Кога ја прашале мајка ѝ, таа одговорила: „јас тоа го наследив како обичај од твојата баба". Кога конечно ја запрашале и бабата на невестата, таа одговорила со насмевка: „ јас имав мало сандаче за леб, па морав да ги сечам краевите од лебот, за да го собере внатре."

Она што за бабата било нормална постапка, за останатите се претворило во непотребен и бескорисен обичај, без воопшто и да се знае причината и потеклото.

И денес постојат многу обичаи, кои луѓето ги прават без да се замислуваат за нив. Некои од нив немаат врска со Библиското христијанство и се спротивни на Библијата! Исус ги осудува оние кои "*човечките обичаи ги шират како да се Божји заповеди"* (Матеј 15:9).

На предупредувањата дури и на некои свештени лица, дека се работи за пагански обичаи навлезени во христијанството, обичните луѓе се правдаат дека „така им останало од старите"! Но кога за еден ист празник во две соседни места има различни обичаи, тоа значи дека секој си додавал на тие обичаи како што посакал.Тоа значи дека нивниот извор не е еден и ист,т.е. не е е Божјото слово!

Но има и лични навики и обичаи. Всушност зборот „обичај" потекнува од она кое за нас е вообичаено (обично, постојано). Го правиме од навика затоа што го сакаме! **Кои се твоите навики и обичаи? Што е тоа кое обично го правиш?** Дали како некои не можеш да го почнеш денот без кафе, без фејсбук, и вечерта да ја поминеш без омилената ТВ серија и слично?

И Господ Исус имаше свои обичаи, кои беа богоугодни и кои вистинските христијани треба да ги следат во своето секојдневие, а не само за празниците!

- **Исус имаше обичај редовно да оди во храмот и да чита од Библијата.**

Евангелистот Лука пишува: *„и дојде во Назарет, каде што беше пораснал; влезе во саботен ден во синагогата, според својот обичај, и стана да чита"* (Лука 4:16). Исус имаше обичај да оди во храмот и да чита од библијата; колку луѓе денес можат да се пофалат дека ги имаат христовите обичаи т.е. да одат во местото каде заедно со други верници ќе ја проучуваат библијата? Словото ни кажува дека уште од мал ги знаеше Писмата и можеше да спори со постарите и учени фарисеи и книжници!

Дали секојдневното читање на Библијата е и твој секојдневен обичај? Но, не како ритуал туку како нешто што го сакаш исто како кога би читал љубовно писмо, бидејќи Библијата е и тоа ! Дали најмногу од сите луѓе за дружење, би избрал да бидеш со побожно друштво? Дали од сите денови кои ни ги дал Бог, барем еден ден во седмицата му го посветуваш Нему? Колку сме слични на Исус, без да ги вршиме Неговите вообичаени нешта? Запомни Исус имаше обичај да оди во храмот со други верници и да чита од Библијата. Затоа присвој го овој обичај за себе и биди му сличен на Господ!

- **Исус имаше обичај да се моли на вообичаено место, со група блиски**.

Во Лука 22:39-40 пишува: *„и излезе и отиде, според обичајот, на маслиновата гора; а учениците одеа по него. и кога дојде на местото, им рече: „молете се, за да не паднете во искушение."* Колкумина денес имаат вообичаена навика и не можат да го започнат денот без молитва т.е. без да разговараат со Бог? Знам за мнозина кои со часови разговараат по телефон, но само малкумина кои се молат секој ден! Од која група си ти?



- **Исус имаше обичај секојдневно да ги поучува лугето за Бог.**

Во Евангелието по Марко се вели: *„... и пак народот му се придружи, а Тој (Исус) ги поучуваше, според својот обичај."* (Марко 10:1)

Колку за тебе е вообичаено да се поучуваат другите за Бог? Исус сметаше дека познавањето и верата во Бог може да ги промени животите на луѓето и нивната вечна иднина. За жал, многумина не чуле дека Исус е единствениот вистински пат до небото и вечниот живот. Затоа, некој кој го знае тоа треба да ги поучи другите за да најдат надеж за себе во Исус! Она кое го знаеш и си го искусил за себе, сподели го несебично со другите, поучувајќи ги за Бог!

**автор- Ангел Павлов од Штип**

**Адреса: „Ново Срце", П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**